Друштво за производство, трговија и услуги
РИКИ-ЈУНИОР
ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 03-0119
13.05.2019 год.
КОЧАНИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETESOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 05-2013/4
13.05.2019 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ

## I. ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ:

А. МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ со адреса на Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, 1000 Скопје застапувано од Sadulla Duraki, министер (во понатамошниот текст „Договорен орган“, односно, „Нарачувач“) од една страна и

Б. Друштво за производство, трговија и услуги **РИКИ – ЈУНИОР ДООЕЛ** увоз- извоз Кочани, со седиште на ул. Ленинова бб, Кочани, претставувано од управителот Татјана Величкова (во натамошниот текст: „Носител на набавка“).

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка на стоки е набавка на хигиенски средства, за потребите на Министерството за животна средина и просторно планирање, според техничка спецификација, составен дел на овој Договор.

Овој Договор се склучува врз основа на спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка со постапка со барање за прибирање на понуди бр. 18/2019, која заврши со електронска аукција и доставената конечна понуда на Носителот на набавката.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Носителот на набавката по барање на Договорниот орган во текот на важењето на овој Договор, ги испорачува стоките кои се предмет на овој Договор по единечна цена со пресметан ДДВ. Единечните цена на стоките се содржани во Понудата на Носителот на набавката, која е составен дел на овој Договор.

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

Вкупната вредност на овој договор, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти и увозни царини, без ДДВ, изнесува: **101.694,00 ( сто и една илјада шестотини деведесет и чатири) денари.**

Вкупниот износ на ДДВ изнесува **18.305,00 денари**

Вкупната вредност на договорот со вклучен ДДВ изнесува **119.999,000 ( сто и деветнаесет илјади деветстотини деведесет и девет) денари.**

**Член 3**

Наведените цени во понудата се цени во кои се вкалкулирани царината, данокот на додадена вредност, трошоците за транспорт и други трошоци до седиштето на Договорниот орган и истите не може да се менуваат до истекот на рокот на важноста на овој Договор.

## IV. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Носителот на набавка е должен да ја извршува испораката на стоките во период од 1 (една) година од денот на стапување на сила на договорот, односно од доставување на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот или до целосна реализација на вредноста на договорот (што прво ќе достаса).

## V. НАЧИН И РОК НА ИСПОРАКА

**Член 5**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот до Договорниот орган во рок од 2 (два) работни дена сметано од денот на барањето за нарачка на стока (писмено или по меил на официјалната електронска адреса на економскиот оператор).

**Член 6**

Испораката на хигиенските средства ќе се врши сукцесивно во просториите на Министерството за животна средина и просторно планирање со адреса на Плоштад Пресвета Богородица, бр.3 Скопје и во Лабараторијата на Министерството за животна средина и простоно планирање со адреса на ул.16 – Македонска бригада бр.18, Скопје, според периодичните потреби на договорниот орган по претходно доставени нарачки до носителот на набавката во кои ќе бидат содржани видот и количината на хигиенските средства.

**Член 7**

Носителот на набавката се обврзува да ги испорача предметните хигиенски средтсва согласно утврдениот квалитет на декларираните производители на производите и техничката спецификација.

Доколку Носителот на набавката испорача хигиенски средства со понизок квалитет или друг вид, Договорниот орган нема да ги прими, а истите ќе бидат вратени на товар на Носителот на набавката.

**Член 8**

Носителот на набавката се обврзува да ги испорача предметните хигиенски средтсва согласно утврдениот квалитет на декларираните производители на производите и техничката спецификација.

Доколку Носителот на набавката испорача хигиенски средства со понизок квалитет или друг вид, Договорниот орган нема да ги прими, а истите ќе бидат вратени на товар на Носителот на набавката.

Секоја поединечна испорака се смета за извршена со квалитативен и квантитативен прием на предметот на набавка на денот на потпишување на испратницата од двете договорни страни.

**Член 9**

Хигиенските средства, носителот на набавката ги предава на лица задолжени за следење на набавката во Министерството за животна средина и просторно планирање и Лабараторијата на Министерството за животна средина и простоно планирање.

Договорниот орган по склучување на договорот со носителот на набавката, истиот ќе го информира за лицата кои ќе бидат задолжени за вршење на нарачки и прием на хигиенските средства.

**Член 10**

Во случај кога стоката нема да се испорача во наведениот рок и/или не е извршена со соодветен квалитет и/или не соодветствува со техничките спецификации содржани во Тендерската документација, Договорниот орган има право да:

• Бара испорака на стоката во наведениот рок и/или според договорениот квалитет;

• Раскинување на Договорот, враќање на платениот износ и надомест за претрпена штета;

• Раскинување на договорот и склучување на договор со следно рангиран понудувач.

## VI. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРА

**Член 11**

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- количини со опис на стоката;
- единечни договорни цени на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- други зголемувања и намалувања, согласно со договорните услови (камати, пенали);
- пресметка за ДДВ;
- вкупна цена за исплата по фактура;
- валута на плаќање.

## VII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 12**

Договорниот орган плаќањето ќе го изврши во рок од 30 (триесет) дена по приемот на фактурата за испорачените стоки со приложена испратница, потпишана од страна на Договорниот орган и Носителот на набавката.

При фактурирањето носителот на набавката ќе пресметува данок на додадена вредност по законски пропишана стапка.

## VIII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 13**

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој договор.

Носителот на набавката ја извршил обврската од став 1 на овој член, по правило, кога стоката ќе му ја врачи на Договорниот орган.

**Член 14**

Добавувачот му одговара на Набавувачот за материјалните недостатоци на предметите, освен за оние кои му биле познати на Набавувачот или не можеле да му останат непознати.

**Член 15**

Набавувачот или негов овластен преставник ќе присуствува на испораката на робата и утврдувањето на нејзината точна бројност и исправност.

## IX. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 16**

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цена на Носителот на набавката, по испорака на стоката во рок од 30 дена од денот на доставувањето на фактура од страна на Носителот на набавката, а за ден на достава на фактурата се смета денот на достава на истата во архивата на Министерството.

**Член 17**

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде возможно предавањето на стоката.

## X. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 18**

Доколку Носителот на набавката од било која причина, нема да ја испорача стоката, Договорниот орган е овластен тие стоки да ги обезбеди од друга страна, а за сметка на Носителот на набавката. Во случај на задоцнување во исполнувањето на обврските од страна на Носителот на набавката, тој е согласен да му плати на Договорниот орган договорна казна во висина од 1‰ од вкупната вредност на договорот со пресметан ДДВ за секој ден на доцнење, но не повеќе од 5% од вкупната вредност на набавката.
Во случај на не испорака на стоката во рокот определен од Договорниот орган, Договорниот орган има право по претходно доставено писмено известување до Носителот на набавката за испорака на стоката во дополнително оставениот рок од Договорниот орган, да го раскине договорот со проста изјава и да склучи Договор за исполнување на обврски по јавна набавка со следно рангираниот понудувач.

## XI. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 19**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи, Тендерската документација и Понудата на Носителот на набавката.

## XII. ВИША СИЛА

**Член 20**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон друга за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила.

**Член 21**

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното

извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови од поголеми размери и сл.).

**Член 22**

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

**Член 23**

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа, писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

**Член 24**

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

**Член 25**

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

**Член 26**

По отстранувањето на последиците од вишата сила, договорот може да се реализира, доколку неговата реализација не е завршена пред настапувањето на вишата сила.

## XIII. ОБЕШТЕТУВАЊЕ

**Член 27**

Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му ја надомести штетата предизвикана поради неисполувањето на овој Договор, задоцнувањето во исполнување на овој Договор, поради неисправност или недостатоци кај испорачаната стока и во други случаи согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачи.

## XIV. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 28**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 29**

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

## XV. ОПШТИ ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 30**

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат. Договорот може да се менува со Анекс - Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација. Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на

Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор. Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 31**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 32**

Овој договор е составен во 6 (шест) еднообразни примероци од кои 4 (четори) примерока за договорниот орган и 2 (два) примерока за носителот на набавката.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

НАБАВУВАЧ:
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

**Министер,**
**Sadulla Duraki**

ДОБАВУВАЧ:
**РИКИ – ЈУНИОР ДООЕЛ**
**Кочани**

**Управител,**
**Татјана Величкова**

**Изготвил:** Снежана Колевска
**Контролирал:** Билјана Тешева Ѓоргиевска
Марјан Крстевски
**Одобрил:** Тодор Ѓорговски
Весна Петерушевска
**Согласен:** Ана Петровска
Државен секретар

**Составни делови на овој Договор се:**

а) Конечната понудата на Друштво за производство, трговија и услуги РИКИ – ЈУНИОР ДООЕЛ, Кочани